# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на Општина Новаци

## Број  04/24

**Излегува по потреба 03.04.2024 година (среда) бр. 04 година XXVIII**
**ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија**
**E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за субвенционирање на трошоци од работењето на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности ,,Комунална хигиена” Новаци за 2024г.

1. Се прогласува, Програма за субвенционирање на трошоци од работењето на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности ,,Комунална хигиена” Новаци за 2024г., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 01.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-349/2 Општина Новаци
03.04.2024 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 7/19), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 01.04.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за субвенционирање на трошоци од работењето на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална хигиена” Новаци за 2024 година

Во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година, предвидени се средства за субвенционирање на Годишните планови за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци.

Со потпрограма Е00 - Општинска администрација, планирани се средства во износ од 1.200.000,00 денари за субвенционирање на трошоците на ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци.

За користење на планираните субвенции во Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од општината, потребно е покрај Барањето за исплата да се достави потребна документација од која ќе се констатира обемот на извршените активности од Годишниот план за работа и наменско користење на финансиските средства одобрени како субвенционирање на Годишниот план на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци. (Договор за реструктирање на кредитна изложеност евидентирана на кредитна партија- кредит).

### I. Субвенционирање на Годишниот план на ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци

За субвенционирање на Годишниот план за работа за 2024 год. на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци се планираат 1.200.000,00 денари, кои средства се алоцирани во:

- Програма Потпрограма Е00 - Општинска администрација во износ од 1.200.000,00 денари за субвенционирање на трошоците на ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци.

Овие средства ќе бидат дополнително обезбедени од Буџетот на Општина Новаци по завршување на изборната кампања кога ќе постои можност за извршување на измени и дополнување на Буџетот на Општина Новаци.

Овие средства ќе бидат искористени за:
- субвенционирање на дел од тековно-оперативните расходи,
- други тековни расходи

До моментот на донесување на измените ќе бидат искористени средствата од иницијалниот Буџет на Општина Новаци.

ЈПКД „Комунална хигиена" Новаци (Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална хигиена" – Новаци), е основано заради вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес, од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Новаци.

Како главна дејност на ЈПКД „Комунална хигиена" – Новаци е собирање и транспортирање на комунален и друг вид неопасен и инертен отпад, но врши и други дејности предвидени со Статутот како и редовно снабдување на вода на населението, тековно одржување на водоводната мрежа во Општина Новаци: редовно хлорирање на водата за пиење со течен хлор (натриум хипо хлорид) на селските водоводи каде има поставено автоматски хлоринатори, реконструкција на водоводна мрежа, одржување на јавна чистота и други дејности утврдени според националната класификација на дејности.

За функционирање на ЈКПД, покрај финансиските средства кои се наплатуваат од корисниците на услугите и извршените активности на претпријатието по основ на издадени фактури, потребно е да се одобрат и субвенции од страна на Советот на Општината.

Субвенциите ќе служат за покривање на тековните административни трошоци, оперативните трошоци како и трошоците направени врз основа на заем (кредит).

Голем удел за потребата од овие субвенции има економската и енергетската криза, која предизвика зголемени трошоци за потрошена енергија и гориво и др. и предизвика потешкотии во работењето на претпријатието.

Планираните средства за субвенционирање се фиксни, а евентуалните измени би се усогласиле со Измени и дополнувања на Буџетот на Општината во 2024 година, со што и Годишниот план за работа за 2024 година би бил дополнително изменет и усогласен.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Претседател на
Советот на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Правилник за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација
на Општина Новаци

1. Се прогласува, Правилник за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 01.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-349/3 Општина Новаци
03.04.2024 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 01.04.2024 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци**

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и условите на користење на службен мобилен телефон, тарифните модели кои се користат, ограничувањата на сметката како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето.

Член 2

Во Општина Новаци, право на користење на службен мобилен телефон со ограничување на висината на сметката до определен износ имаат:

- **Тарифен модел бр. 1 – Наменет за Градоначалникот и Претседателот на Советот**

Градоначалник - дозволен трошок **10.000 денари со вклучен ДДВ**
Преседател на Совет - дозволен трошок **2.000 денари со вклучен ДДВ**

- **Тарифен модел бр. 2 – Наменет за вработените во општинската администрација, привремено вработените лица и советниците на општина Новаци**

- за сите дозволен трошок **1.157 денари со вкучен ДДВ (колку што изнесува месечната претплата согласно договорот за јавна набавка на мобилни телефонски линии)**

Член 3

Општина Новаци ќе користи минимум 50 претплатнички линии согласно договорот за јавна набавка. Градоначалникот на Општина Новаци со посебен акт ќе одобрува зголемување на бројот на претплатнички линии.

Член 4

Согласно склучениот договор за јавна набавка, носителот на набавката определува определен износ на субвенција за користењето на мобилните претплатнички линии. Субвенцијата може да ја користат сите лица наведени во овој Правилник.

Член 5

За вработените корисници на тарифниот модел 1 и 2, дозволениот трошок се утврдува во рамките на договорената месечна претплата, која се добива годишно по спроведената постапка за јавна набавка.

Член 6

На корисниците на службени мобилни телефони кои ќе ги пречекорат предвидените ограничувања утврдени со овој Правилник, ќе им се изврши задршка од плата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за субвенционирање на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола

1. Се прогласува, Одлука за субвенционирање на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 01.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-349/4
03.04.2024 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/2002), член 8-б став 1 и став 2 точка а, член 39 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 138/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19) и Барањето од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци бр. 03-67/1 од 25.03.2024г. (наш бр. 15-329/1 од 25.03.2024г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 01.04.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за субвенционирање на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола

Член 1

Со оваа Одлука се одлучи да се субвенционира ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци со средства во износ од 1 200 000,00 денари, а за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола, врз основа на Договор за користење на краткорочен револвинг денарски кредит (партија бр. 04-420-0301414.5), заверен во Стопанска Банка АД Битола со бр. 08-797/2 од 13.03.2023 година.

Член 2

Седствата во износ од 1 200 000,00 денари, Општина Новаци ги субвенционира на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, исклучиво за отплата на кредит по Договорот во член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-327/6
01.04.2024 г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува, Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 01.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-349/5 Општина Новаци
03.04.2024 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 11/18), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20 и 172/21), Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Општина Новаци бр. 03-806/1 од 18.09.2018г. и бр. 01-893/1 од 29.09.2022) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 01.04.2024година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година, бр. 14-906/7 од 28.12.2023 година.

Член 2

Во член 9 став 1 од Одлуката, алинеја 1 се менува и гласи: „Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,35, а основицата на која се пресметува е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за 2023 година, според податоците на Државниот завод за статистика и изнесува 54.916,00 денари“.

Член 3

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот ќе започне да се применува со исплатата на платата за месец февруари 2024 година.

Член 4

Во членот 10, годината ,,2023,, се заменува со година ,,2024,,.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци”.

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

**СОДРЖИНА**


1. Заклучок за прогласување на Програма за субвенционирање на трошоци од работењето на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности ,,Комунална хигиена” Новаци за 2024г.;
2. Заклучок за прогласување на Правилник за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци;
3. Заклучок за за прогласување на Одлука за субвенционирање на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола;
4. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.



**Издавач: Градоначалник на Општина Новаци**

**тел. 047 203 060** | **Народна банка на РСМ**
**Буџет на Општина Новаци** | **Д.Б. 4002004169848**
**Сметка 749014004563010** | **Приходна Шифра**